„Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беше посрамежлив од девицата во нејзините одаи, кога ќе видеше нешто што не му се допаѓаше се препознаваше на неговото лице.“

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, беше посрамежлив од девицата во нејзините одаи, кога ќе видеше нешто што не му се допаѓаше се препознаваше на неговото лице.“

[متفق عليه] [صحيح]

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, појаснува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил посрамежлив од девицата што е заштитена во својот дом и не стапила во брак, ниту имала контакт со мажи. Од неговата голема срамежливост беше и тоа што ако нешто не му се допаѓаше, не зборуваше за тоа, туку неговото лице се менуваше, а неговите асхаби по тоа разбираа дека му е непријатно.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3153